**20241392418**

## РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА, ВОДНИ УСЛУГИ И УСЛУГИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОМУНАЛЕН ОТПАД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

□□□□

□Врз основа на член 24 став (1) точка 2) алинеја 15, а во врска со член 94 став (2) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија" бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19, 236/22 и 134/24), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 4 јули 2024 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ПЛАНОТ ЗА РАЗВОЈ НА ЕЛЕКТРОДИСТРИБУТИВНИОТ СИСТЕМ ЗА ПЕРИОД ОД 2024 ДО 2028 ГОДИНА

1. Се одобрува усвоениот План за развој на електродистрибутивниот систем за период од 2024 до 2028 година, доставен од страна на Друштвото за дистрибуција на електрична енергија ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје.
2. Се задолжува Друштвото за дистрибуција на електрична енергија ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје, Планот за развој од точка 1 од оваа одлука да го објави на својата веб страница.
3. Оваа одлука влегува со сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија" и на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

Бр. 12-403/4
4 јули 2024 година
Скопје

Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и
услуги за управување со комунален отпад
на Република Северна Македонија
Претседател,
**Марко Бислимоски,** с.р.